РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ
Су.02 бр.12/22
26.09.2022 година

Врз основа на чл.77 и чл.78 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РСМ бр.24/2019) и чл.13 и чл.15 од Судскиот деловник (Службен весник на РСМ бр,66/13), Претседателот на Основен суд Свети Николе, Лилјана Додевска на ден 26.09.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
јавна набавка

1.Да се изврши јавна набавка согласно одредбите на Законот за јавните набавки.

**I. Предмет и количина на набавката.**
Екстра лесно масло за домаќинство за грејна сезона 2022/2023 година.

**II. Износ и извори на средства потребни за реализација на набавката.**
500.000,оо денари без ДДВ (петстотини илјади денари) се обезбедни од Буџетот за судска власт на Република Северна Македонија.

**III.Предметот на набавката е неделив/делив по позиции.**
Предметот на набавката е неделив.

**IV.Критериум за доделување на договор за јавна набавка**
Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени. Вкупната најниската понудена цена ќе биде почетна цена на електронската аукција. Намалувањето постигнато на електронската аукција на вкупната понудена цена ќе се пресмета во процент и тоа процентуално намалување ќе се смета како одобрен рабат и истиот ќе се применува за сите поединечни сукцесивни набавки кои ќе се вршат за целото времетраење на договорот поаѓајки од цената на регулаторната комисија.
Како релевантен доказ за промена на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи последната Одлука за определување највисоки цени на оддлени нафтени деривати утврдени согласно Методологијата на Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

**V.Начин и постапка за доделување на договро за јавна набавка.**
Набавка од мала вредност, согласно Законот за јавните набавки (Сл.весник на РСМ бр.24/2019).

**VI.Назначен орган за спроведување на јавната набавка.**
Постапката за јавна набавка на стоки ќе ја спроведе комисија за јавни набавки на Основен суд Свети Николе во следниот состав: претседател: Марија Петкова, судски соработник, членови: Иванка Митрева, судски советник и Јосиф Стоилов, советник информатичар.

2.  По изборот за најповолен понудувач да се склучи договор.

3. Се задолжува комисијата од точка 6 да ја организира и спроведе предметната јавна набавка согласно  на чл.79 од Законот за јавните набавки.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е и е**

Основен суд Свети Николе има потреба од набавка на лесно масло за домаќинство за која од страна на Буџетот за судска власт на Република Северна Македонија се обезбедени 500.000,00 денари без ДДВ. Договорниот орган ке спроведе постапка за набавка од мала вредност, кој предемет на набавката не е делив, со критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени. Вкупната најниската понудена цена ќе биде почетна цена на електронската аукција. Намалувањето постигнато на електронската аукција на вкупната понудена цена ќе се пресмета во процент и тоа процентуално намалување ќе се смета како одобрен рабат и истиот ќе се применува за  сите поединечни сукцесивни набавки кои ќе се вршат за целото времетраење на договорот поаѓајки од цената на регулаторната комисија. Како релевантен доказ за промена на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи последната Одлука за определување највисоки цени на оддлени нафтени деривати утврдени согласно Методологијата на Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија. Постапката за јавна набавка на стоки ќе ја спроведе комисија за јавни набавки на Основен суд Свети Николе која е наведена во диспозитивот на донесената одлука.

Основен суд Свети Николе
Претседател,
Лилјана Додевска с.р.

Liljana Dodevska

Digitally signed by Liljana Dodevska
Date: 2022.09.26 12:47:27 +02'00'